# ЗАПИСНИК

**за извршен инспекциски надзор**
**Ип 1 бр. 57- 67**
**Датум: 26.09.2024 година**

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | | |
|---|---|---|
| Назив на субјектот на надзорот | Здружение за промовирање и развој на фолклор „ФОЛК ФЕСТ“ – Скопје | |
| Седиште/адреса на субјектот | Ул.Јајце бр. 122, Чаир, Скопје | |
| Адреса за е-пошта | folkfestskopje@gmail.com | |
| Телефон | | |
| Матичен број на субјектот | 7310439 | |
| Даночен број на субјектот | 4082018522595 | |
| Број на жиро-сметка на субјектот | | |
| Банка депонент | Халк банка АД Скопје | |
| Одговорно лице на субјектот: | | |
| Име и презиме: | Телефон | Е-пошта folkfestskopje@gmail.com |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекцискиот надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. <u>ВОНРЕДЕН</u> | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 25.09.2024 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 12:00 ч. |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 26.09.2024 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 11:00 ч. |
| Назив на објектот–инсталацијата каде што се врши надзорот | / | | |
| Главна дејност на објектот–инсталацијата каде што се | / | | |


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | |
|---|---|
| врши надзорот | |
| Адреса на објектот–инсталацијата каде што се врши надзорот | Бул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54-Скопје (службени простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура-во натамошниот текст: МК) |

**3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:**

-Налог бр. 57-67 од 19.09.2024 г., издадена од раководителот на Секторот за управен и инспекциски надзор - главен инспектор со задолжување да се изврши вонреден инспекциски надзор на субјектот на надзор Здружение за промовирање и развој на фолклор „ФОЛК ФЕСТ" – Скопје од аспект на примена на одредбите од Законот за културата, а по анонимна Иницијатива ИП 1бр. 57-67 од 31.07.2024 година.

**4)Инспекцискиот надзор е извршен од:**

-Дарко Аџиевски, помошник инспектор во Секторот за управен и инспекциски надзор во МК.

**5)Предмет на вонредниот инспекциски надзор**

Инспекцискиот надзор се врши од аспект на примена начлен 68 од Законот за културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), односно наменското користење на авансно преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МК, во износ од 800.000 денари, од одобрените 999.600 денари согласно со Договорот бр. 21-3708/1 од 13.03.2024 г., за учество во финансирање на проектот – **Меѓународен фолклорен фестивал „Фолк Фест"- Скопје 2024,** избран на Конкурсот за учество во финансирање проекти од национален интерес во културата за 2024 година од областа на фолклорот како и постапување по обврската од член 68 став (3) од истиот Закон и член 5 став (1) од Договорот, во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот до МК да биде доставен извештај за реализација на проектот, кој содржи наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства, договори, сметки, фактури, конечен финансиски извештај со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање, на соодветен образец за наративен и финансиски извештај за реализиран проект, достапен на веб-страницата на МК, како и друга потребна документација (промотивни материјали, плакати, постери и видеа).


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

**Основ:** член 82 став (1) и член 68 од Законот за културата, а во врска со член 71 став (1) од Законот за инспекциски надзор („Сл. весник на РСМ" бр. 102/2019).

**6)Во извршувањето на овој инспекциски надзор**:

-Не се употребени листите за проверка, од причина што станува за вонреден инспекциски надзор, а истите се задолжителни при редовен инспекциски надзор согласно со член 70 став 3 од Законот за инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, присуствуваше субјектот на надзорот:

| Име и презиме: | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| | | folkfestskopje@gmail.com |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, присуствуваше и директорот на Ансамбл за народни песни и игри ИБЕ ПАЛИКУЌИ Скопје :

| Име и презиме: | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| | | / |

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на субјектот на надзор, односно на присутното лице му ги презентираше целите и предметот/опфатот на вонредниот инспекциски надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот на надзор.

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следниве наоди за утврдената фактичка состојба:

- Проектот **Меѓународен фолклорен фестивал „Фолк Фест"- Скопје 2024,** со Пријава УП1 бр. 547/2023 од 31.10.2023 година, истиот избран на Конкурсот за учество во финансирање проекти од национален интерес во културата за 2024 година по дејности и областа на фолклорот, а согласно со Решението УП1 бр. 547/2023 од 12.02.2024г., донесено од Министерот за култура истиот е прифатен како проект од национален интерес во културата од областа на фолклорот за 2024 година.

- Врз основа на горецитираното Решение на министерот за култура, склучен е Договорот бр.21-3708/1 од 13.03.2024 г., за учество во финансирање на проектот- *Меѓународен фолклорен фестивал „Фолк Фест"- Скопје 2024,* избран на Конкурсот


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

за учество во финансирање проекти од национален интерес во културата за 2024 година од областа фолклоротот, а за финансирање на проектот се одобрени средства во износ од 999.600 денари, и тоа за следните намени: Сместување на 300 учесници, Пропаганден материјал и плакети за сите учесници, Хонорар за сите ангажирани лица, Транспортни и патни трошоци.

- Со Барањето за исплата на одобрените средства заведено во писарницата на МК под бр. 21-4987/1 од 01.04.2024 г., корисникот доставил и **Образец за оперативен и финансиски план** за користење на одобрените средства за реализација на проектот (по намени и износи). Во Оперативниот и финансиски план е наведено дека проектот *„Меѓународен фолклорен фестивал „Фолк Фест“- Скопје 2024* “, ќе се реализира во градот Скопје, локација плоштад Македонија и плоштад Скендер Бег од 23.07.2024 до 26.07.2024 година (4 дена). Исто така, наведено е дека преведените средства ќе се трошат за следните намени: **1. Сместување на 300 учесници во износ од 884.600 денари; 2. Пропаганден материјал и плакети за сите учесници во износ од 45.000 денари; 3. Хонорари во износ од 50.000 денари и 4. Транспортни и патни трошоци во износ од 20.000 денари, односно вкупно трошоци во износ од 999.600 денари.** Во прилог на Оперативниот и финансиски план доставена е Изјава за наменско користење на средствата од Здружение за промовирање и развој на фолклор „ФОЛК ФЕСТ“ – Скопје како и програма на фестивалот Петти Меѓународен фолклорен фестивал ФОЛК ФЕСТ - Скопје, Р.С.Македонија.

- Во однос на обврската од член 68 став (3) од Законот за културата и член 5 став (1) од договорот за учество во финансирање проект од национален интерес склучен со МК, за доставување извештај за реализација на проектот во рок од еден месец сметано од денот на завршувањето на проектот до МК кој содржи: наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства, договори, сметки, фактури, банковни изводи, конечен финансиски извештај со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање, утврдено е дека е постапено односно Образецот за наративен и финансиски Извештај е доставен на ден 09.08.2024 година заведен под бр. 21-7554/1 од истиот датум, Притоа во прилог со извештајот беше доставена следната документација: УСБ со фотогалерија и видео материјали, плакат на македонски и албански на ден 23-24-25.07.2024 во 20.30 часот на плоштад Скендербег, покани на македонски и албански, картички на држави учесници на фестивалот, Фактура бр.5-000216-24-D од 26.07.2024 за храна и сместување на 120 лица за период од 23 до 25.07,2024 година на износ од 356.700 денари, Уплатница од 29.07.2024 за уплата на 356.700


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

денари; Фактура бр.4342-2 датум на доспевање 29.7.2024, за сместување со појадок и вечера за 200 лица за период од 23до 25.07.2024 година на износ од 853.300 денари, Уплатница за уплатени средства во износ од 328.300 денари на ЊУ Стар ДОО Скопје; Договор на дело бр.01/2024 склучен на ден 02.05.2024 година помеѓу Здружение за промовирање и развој на фолклор „ФОЛК ФЕСТ" – Скопје и

– главна водителка на фестивалот, предмет на договор е Ангажирање на лицето вводителка на 4 дневната програма од 22.7.2024 до 25.07.2024 година, Фактура бр. 329/24 од 09.07.2024 од Печатница и книговезница АЈ-Граф матбаа за печатење на материјали(благодарници, постери, церада, покани, фолија, форекс во износ од 45.218 денари, уплатница за уплатени средства од 11.7.2024 г., во износ од 45.218 денари, фискални сметки за транспорт-гориво во вкупен износ од 21.921денари.

- Со Решението за преведување на средства бр. 21-3708/2 од 25.04.2024 година, на корисникот Здружение за промовирање и развој на фолклор „ФОЛК ФЕСТ" – Скопје за проектот *„Меѓународен фолклорен фестивал „Фолк Фест"- Скопје 2024,* му е исплатен прв дел од средствата во износ од **800.000 денари**.

- На денот на инспекцискиот надзор на 24.09.2024 година, од страна на одговорното лице директор , беше изјавено е дека проектот *„Меѓународен фолклорен фестивал „Фолк Фест" - Скопје 2024,* е реализиран во Скопје на плоштадот Скендербег од 23.07.2024 до 25.07.2024 година. Притоа во прилог беше доставена следната документација: Извод бр.10 од Халк Банка од 13.05.2024 година, за прва исплата од Министерство за култура за фолк фест 2 во износ од 800.000 денари; Извод бр.11 од Халк Банка од 22.05.2024 година, за хонорар на во износ од 45.000 денари + 5.000 денари за персонален данок; Извод бр.15 од Халк Банка од 11.07.2024 година, за печатница АЈ-ГРАФ МАТБАА ДООЕЛ Скопје во износ од 45.218 денари; Извод бр.16 од Халк Банка од 29.07.2024 година, уплата по Ф-ра бр.5-000216-24-Д за Хотел Буши Спа ресорт Скопје во износ од 356.700 денари; Извод бр.17 од Халк Банка од 31.07.2024 година, уплата по Ф-ра бр.4342-2 за ЊУ СТАР 06 ДОО Скопје во износ од 328.300 денари;

Од документацијата презентирана при инспекцискиот надзор, утврдено е дека за реализација на проектот *„Меѓународен фолклорен фестивал „Фолк Фест"- Скопје 2024,* од преведените средства во износ од **800.000 денари** корисникот потрошил средства по следните износи и намени и тоа:


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

1. **685.000 денари** за сместување на 300 учесници, (Фактура бр.5-000216-24-D од Буши ресорт во износ од 356.700 денари, уплатница од 29.07.2024 на износ од 356.700 денари, Фактура бр. 4342-2 од ЊУ Стар Хотел на износ од 853.300 денари, уплатница од 31.07.2024г., исплатени дел од средствата во износ од 328.300 денари);
2. **45.218 денари** за пропаганден материјал (Фактура бр. 329/24 од 09.07.2024 од Печатница и книговезница АЈ-ГРАФ матбаа за печатење на материјали: благодарници, постери, церада, покани, фолија, форекс, уплатница за уплатени средства од 11.7.2024 г., во износ од 45.218 денари);
3. **50.000 денари** за хонорар (Договор на дело бр.01/2024 склучен на ден 02.05.2024 година помеѓу Здружение за промовирање и развој на фолклор „ФОЛК ФЕСТ" – Скопје и – главна водителка на фестивалот, предмет на договор е Ангажирање на лицето водителка на 4 дневната програма од 22.7.2024 до 25.07.2024 година, на износ од 45.000 денари + 5.000 денари за персонален данок; Извод бр.11 од 22.05.2024 за преведени средства на во износ од 45.000 денари + 5.000 денари за персонален данок);
4. **21.921 денари** за транспорт-патни трошоци (фискални сметки за бензин и тоа: 4.000денари од 27.06.2024г; 4.000 денари од 18.07.2024; 2.000 денари од 23.05.2024; 3.000 денари од 12.06.2024; 4.000денари од 09.07.2024; 3.920 денари од 31.05.2024; 1.001 денари од 05.06.2024; во вкупен износ од 21.921 денари).

- **Во однос на горенаведеното потрошени се средства во вкупен износ од 802.139 денари.**

**Врз основа на непосредниот увид во горенаведената документација, како и разговорот со присутното лице:**

**- Проектот „*Меѓународен фолклорен фестивал „Фолк Фест" - Скопје 2024,* на корисникот Здружение за промовирање и развој на фолклор „ФОЛК ФЕСТ" – Скопје е реализиран во Скопје на плоштадот Скендербег од 23.07.2024 до 25.07.2024 година, а авансно преведените средства во износ од 800.000 денари се потрошени наменски согласно со Договорот бр.21-3708/1 и Оперативниот и финансиски план бр.21-4987/1. Притоа, Министерство за култура има преостаната обврска по проектот во износ од 199.600 денари, согласно со Договорот бр.21-3708/1 од 13.03.2024 година.**

**Со оглед дека не се утврдени неправилности во работењето на корисникот од аспект на примена на член 68 од Законот за културата, од страна на инспекторот за култура ќе се запре инспекциската постапка согласно со член 82 став (5) од Законот за инспекциски надзор.**

**Поради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, неговата природа и околностите на работа, Записникот е составен во службените простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура во согласност со член 82 став (3) од Законот за инспекциски надзор.**

12) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

13)Забелешки на субјектот на надзорот:

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: | | Печат и потпис на инспекторот за Дарко Аџиевски, помошник инспектор за култура | |
| Датум: | ___.09.2024 г. | Датум: | 26.09.2024 г. |

Доколку претставникот на субјектот на надзор одбие да се потпише записникот, да се наведат причините.


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk